# СОВРЕМЕНОСТ

ISSN 0038-5972

2 2008

## СОДРЖИНА


**КНИЖЕВНИ ДИЈАЛОЗИ**

Ѓакомо СКОТИ
ПОВТОРНО СВОЈАТА ЉУБОВ
Ѝ ЈА ПОДАРИВ НА МАКЕДОНИЈА 7
*Разговорот го водеше Тихана Прешињак*

**ТВОРЕЧКА ЛАБОРАТОРИЈА**

Петре БАКЕВСКИ
СТОБИ 14

Никола КОЧОВСКИ
БЕЗ ТАТКОВИНА 38

Горан АНЧЕВСКИ
ЅВЕЗДЕНАТА ЉУБОВ НА НЕВЕН ПЕЈКО 45

**ИНТЕРПРЕТАЦИИ**

Васил ТОЦИНОВСКИ
КНИГАТА „ЗОШТО МАКЕДОНИЈА ТРЕБА ДА БИДЕ
СЛОБОДНА И НЕЗАВИСНА“ НА ЉУБЕН ДИМИТРОВ 48

Душко КРСТЕВСКИ
МОТИВОТ НА ЧУМАТА ВО ФОЛКЛОРОТ И НЕГОВАТА
РЕФЛЕКСИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА
МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА 60

Славчо КОВИЛОСКИ
СТО ГОДИНИ ОД МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА:
ШТО ДОБИ МАКЕДОНИЈА СО НЕА, А ШТО ЗАГУБИ? 72

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ
ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ - ОПСЕРВАЦИИ И ИНВЕНЦИИ
НИЗ АГОЛОТ НА КАРИКАТУРАТА,
АФОРИЗМОТ И ХУМОРЕСКАТА 81

Александар ИЛИЕВСКИ, Соња ИЛИЕВСКА - ГОЏИРОВА
ЗА НЕКОИ ПЕДАГОШКИ СОГЛЕДУВАЊА
НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ФИЗИЧКОТО
И ЗДРАВСТВЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ 99

Јованка ДЕНКОВА
КРИК КОН ОПШТЕСТВЕНАТА СОВЕСТ 102

**ИСЧЕКОРУВАЊА**
Ивица МАКСИМОСКИ
ЗРАК НА СВЕТЛИНАТА 110

**ПРИОПШТУВАЊА**
Олга ЛАЛИЌ - КРОВИЦКА
МОЖЕБИ 114

Владимир ЛУКОВ
НЕОЧЕКУВАНО 117

Предраг ЈАШОВИЌ
НЕДОВЕРБА 120

Верица ТРИЧКОВИЌ
ТАНЦ 125

**КРИТИЧКИ ПРЕГЛЕД**
Лилјана МАКАРИЈОСКА
ЗНАЧАЕН ПРИЛОГ КОН АРОМАНИСТИКАТА
И БАЛКАНСКАТА ЛИНГВИСТИКА 128

Васил ДРВОШАНОВ
ВРВЕН ПРОЛЕТЕРСКИ ПОЕТ 131

Никола АЛТИЕВ
НЕУМИРОТ НА КОРЕНОТ МАКЕДОНСКИ 135

Борис АПОСТОЛОВ
КОЈ Е ОПАСЕН? 140

Вера СТОЈЧЕВСКА - АНТИЌ
ПРЕКРАСНАТА ПРИНЦЕЗА И МАМА 143

Љерка ТОТ НАУМОВА̀
ЗАЧУВУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК,
ТРАДИЦИЈА И КУЛТУРА МЕЃУ ИСЕЛЕНИЦИТЕ 147

Вера СТОЈЧЕВСКА - АНТИЌ
БИСЕРИ ДУША ШТО ГРЕАТ 150

Борис АПОСТОЛОВ
ЖИВОТОТ НА ЕДНА КАРПА 152

Никола АЛТИЕВ
ПОТСЕТ НА МИНАТОТО - НАСОКА КОН ИДНИНАТА 157

Јованка ДЕНКОВА
ТАЛКАЊАТА НА МАРИЈА ГРКОВА 161

**ХРОНИКА** 164

## ТАЛКАЊАТА НА МАРИЈА ГРКОВА

Оваа дебитантска поетска книга на Марија Гркова, насловена како ***Единаесеттото митарство*** носи 76 песни кои не се поделени во циклуси, но и покрај тоа, во нив, можат да се издвојат неколку сегменти. Се работи за песни кои откриваат длабок внатрешен живот исполнет со меланхолија, песимизам, окупирани со минливоста, со неповратноста, загубата на драги лица, што е малку необично за една млада личност која допрва зачекорува во животот.

Најважни детерминанти на оваа стартувачка, но мошне ветувачка поезија се:

1. Постоењето и континуираната борба на две спротивни и спротивставени сили кои се искажуваат преку антагонизирани двојки: љубов-омраза, добро-зло, спокој-неспокој... Ако го побараме тоа уверување во ова младешко првенче на Гркова, ќе го најдеме во многу песни. Во песната ***Патот на животот***, поетесата прави обид да покаже дека сепак е оптимист на што наведуваат и последните три стиха: *„Безброј чекори, вечно талкање. / И застанав пред тебе. / Освен ѓаволи, пронајдов анѓел единствен."*

2. Антагонизмот: Ѓавол-Бог и нивните престојувалишта Пеколот-Рајот (***Крај, Ѓаволот во мене, Анѓел во Пеколот, Танатос, Нов закоп, Божјо искушение...)*** Гркова како постојано да се наоѓа на границата, на линијата која ги одделува рајот и пеколот, доброто и злото: *„Што да одберам, пеколот или рајот. / .../ Што да одберам?"* (***Божјо искушение***). Во песната ***Ѓаволот во мене***, поетесата експлицитно го искажува разочарувањето во себе и жал заради болката што им ја предизвикала на саканите (блиските). Таквото однесување доаѓа како резултат на хипокризијата околу неа: *„Гледаш човечки лик, / си верувал дека те сака, / од првиот ден на крајот на твојот живот, /... /, Ил гледаш човечка маска, те лажел дека те / сака."*

3. Опсесивна преокупација со поезијата: *„Творам. / За да живеам. / Творам. / Чувство да потчинам. / Љубов да уништам"*- (***Низ поезијата***).

4. Свртување кон нашата подалечна (***Песна за Ѓорче Петров)***, но и поблиска историја, како во песната ***Во тишината***, која е посветена на Ацо Шопов. Во ***Песна за Ѓорче Петров*** поетесата го изразува револтот и жалењето кон предавниците на еден од најголемите идеолози на македонската револуционерна историја: *Чувствата за одмазда сеуште вриеја, / зошто идолот свој го уби. / Химната под грбот и знамето ја свиреа, / нашата земја херој губи."*

5. Разочарувањето од љубовта и желбата за изолација од сé (***Сама со сите, Ѓердан, Дождот, Љубов што умира, Љубов...)***. Поради тоа губи верба во љубовта ***(Ледено срце)***, се изрекуваат непромислени зборови кои повредуваат некого (***Би сакала***); омразата е грев кој е како трн во срцето поради кој се губат анѓелските крилја и ореол и анѓелот станува ѓавол; поради тоа се јавува разочарување во себе (***Анѓел во пеколот***), па дури се нарекува и со погрдни имиња (***Изрод*)**. Раните од повредата во душата се млади и голи. Утеха бара во верата, но сфаќа дека нема спас и спокој (***Омраза***), па затоа се јавува омраза и жед за одмазда: *„До крај се борев за мојот спас, но тогаш... / Го слушнав ѓаволскиот глас"*- (***Одмазда***). Грков а чувствува душевна болка заради сознанието дека љубовта се стопила. Тоа чувство дава: *„Горчлив вкус на зборови неми, / го вкочануваат јазикот.../ Збогум рекоа... / Збогум на љубовта..."* (***Збогум).***

***6.*** Длабока болка за милото, загубеното; *„Но сега стоеше на крајбрежјето и се ѕвереше во/ ширното море, ко статуа во безнадежна точка. / Суви, празни воздишки излегуваа од усната / со боја на рубин и тивко изговараа: / - зошто го голтна, тој беше единственото мое, / - единственото мое."* (***Единствено***). Во песната ***За мојата сестра*** поетесата ја изразува блискоста со личноста која ја смета за своја сестра: *„За неа ќе пробијам во небото, / и отворам златни порти на Рајот. / Таму е мојата љубов за неа. / Вечно моја сестра".* Болката по саканото суштество е многу силна: *„Ти во темната јама закопан во ровка земја и бела / плоча зариена во неа. / ... / Пијана од болка се навраќам во онаа слатка сцена / за прегратките. / Солза да испуштам - не можам, крик да изговорам / „те сакам" - нема останувам"* – (***Над тебе).***

7. Стравувања од напуштањето на познатите ученички клупи и неизвесноста од она што го носи иднината: *„Пресуши ги солзите клети, / да се заборават немилосрдни казни. / ... / Иако споменот е стар, ќе го паметиме за / вечен век*"- (***Покана***).

8. Навраќање во минатото: средбата со некогаш најверната другарка раѓа жал по минатите среќни дни: *„Но тогаш кога стана сî наше, најслаткото / заврши, и жалам што траеше толку кратко тоа / верно другарство"*- (***Минато***); љубовта и грижата на мајката за децата (***Мајка*)**. Се гледа себеси во минатото и сега-ликот е ист, но душата е друга: *„Ликот беше ист, јас бев нејзин клон, / друга е таа, а бевме исти ко ѕвон на / ѕвон. / ... / По неа ме одѕиваа. / А моето име? / Каде го изгубив јас?"*- (***Другата во мене***)

Воопшто, поезијата на Марија Гркова е пишувана во слободен стих и како таква е мошне податлива за изразување. Нејзината поезија е исполнета со мошне длабоко душевно чувствување на светот и себеси во светот. Се работи за поезија која излегува надвор од утврдените шаблони во современата македонска рефлексивна поезија, особено со тоа што се чини како поетесата постојано да се наоѓа растргната меѓу она што го очекува од надворешниот свет и она што го восприема, па од тој аспект не ѝ зачудува фактот што збирката е насловена како ***Единаесеттото митарство***. Ако поетесата мисли на оние митници, станици или баждарници кои се наоѓаат меѓу Пеколот и Рајот, и на кои човековата душа запира за да си ги отплати гревовите направени на Земјата, тогаш и оваа поезија се наоѓа некаде на средината меѓу Пеколот и Рајот, а тоа најверојатно е *Чистилиштето* на Данте. Не сме далеку од вистината ако кажеме дека и сликите што кај читателот ги предизвикува поезијата на Марија Гркова, несомнено потсетуваат, во многу нешта, на оние апокалиптични визии (за човековата душа) кои се среќаваат во *Пеколот* од Данте Алигиери.

Со оваа збирка, поетесата, прави први, но сигурни чекори низ лавиринтите на поезијата. Останува само да се надеваме дека нема да остане на тоа и дека успешно ќе ја најде нишката со помош на која ќе изгради свој став, а со тоа и своја, оригинална, препознатлива, но секогаш изненадувачка поезија.